



декември 1997
ЗАВОД ЗА ФИЗИКАЛНА
МЕДИЦИНА И
РЕХАБИЛИТАЦИЈА
СКОПЈЕ
МАКЕДОНИЈА
MACEDONIA
SKOPJE
INSTITUTE FOR
PHYSICAL MEDICINE
AND REHABILITATION
december 1997



ОДЕЊЕ ПО ЛАДНА ВОДА СПОРЕД DR KNAIPP

Н А Д А П Р Љ А

N A D A P R LJ A

WALKING ON COLD WATER ACCORDING TO DR KNAIPP



## *За лекувањето со помош на вода (според прирачникот на dr. Knaipp)*

"Секому е познато дека во соништата никогаш не се гледа сонцето, иако често се добива впечаток на многу посилна светлина". *Нервал*

"Дали убавото може да биде тажно? Дали убавината е во еден дел врзана за ефемерното и според тоа за тагата? Или убавиот објект е тој којшто се враќа неуморно после рушењата и војните, за да посведочи дека постои преживување во смртта, дека е можна бесмртноста?" *Јулија Кристева*

Да го документираме фактичкото. Темната и густа звучна текстура на влезот во трите поврзани простории, наменети на водената терапија во Заводот за физикална медицина и рехабилитација, бавно се шири кон следните две простории, опишувајќи ја тегобната атмосфера на овој амбиент.

Во средната просторија, во четирите бетонски кади исполнети со вода лежат четири женски ношници како симболички претстави на телото, но и како поетски контрапункт на челичната отуѓеност на просторот и на објектите во него. Во пределот на градите, или во пределот на срцето врз ношниците се отпечатени четири цртежи со четири методи на лечење со вода, ре-продуцирани од некогаш популарниот прирачник од типот сам-свој-лекар на dr. Knaipp.

И најпосле, над големата метална када во третата просторија слободно во воздухот лебди уште една ношница. Во пределот на градите - и да не заборавиме на срцето во нив - овој пат трепери видео слика која во бавен тек на редење на фотографски фрагменти го опфаќа истиот простор и објектите во него. Истата музичка подлога што се претопува како асинхроно ехо со оная на влезот го затвора кругот на нашето реално движење (движењето на нашето тело) во просторот и не пренесува во нов круг на движење: внатре во ексклузивното поле на сликовното.

Слично на рентгентските зраци, кои проникнувајќи во телото ја отсликуват на чуден и чудесен начин неговата внатрешност, така и видео зраците во делото на Нада Прља ја проникнуваат ношницата, облеката за сонување, предочувајќи ни ја низ неа тагата на празнината, на раскинатата врска меѓу внатрешниот и надворешниот свет. Водејќи нè одново со нејзините претстави низ самотно студените ходници во ова здание, на коешто истовремено може да се гледа и како на една општа метафора за современото општество и за нашата секојдневна стварност, Прља ја открива неутешната меланхолија на отсутноста.

Префрлувајќи со помош на слоевитото медиумско преплетување превези врз острата и речиси сурова стварност на просторот (примарното фотографско бележење Прља најнапред го проследува низ компјутерска преработка и дигитална анимација за потоа да го претвори во видео запис), таа ги смекнува формите, ги продлабочува сенките, ги згуснува боите и ја субјективизира светлината, која тука изгледа како да нема видливо потекло, како да доаѓа од никаде. Изворот на таа светлина е во имагинарното, во тивката меланхолија на интимното доживување на просторот.

Но, паралелно со следењето на поетиката на меланхолијата (или токму поради неа), дали можеби делото на Нада Прља не упатува и на идејата за терапевтското дејство на уметничкиот чин? Непосредна потврда на тоа би било метафоричното значење на завод, прирачникот на dr. Knaipp и конечно повремените допири на раката и објектите во просторот, кои се појавуваат во нејзините видео слики, асоцирајќи на илустрациите од Кнајповите лековити методи.

Непрозирната, дистанцирана и самосвојна убавина на делото на Нада Прља, сепак, не ни дозволува такви лесни заклучоци. Во согласност со дејствувањето на денешниот уметник, таа конфликтот го решава, како што би рекол А.Б.Олива, избирајќи ја "..идеалната позиција на предавник: позиција на некој што го гледа светот но не го прифаќа, на некој што сака да го промени светот но не дејствува, одбирајќи наместо тоа да произведе иконографија како влог од експресивни слики што ја поддржуваат критичката и само-рефлексивна интелектуална свест".

*Зоран Петровски*

## *On healing with water (according to the manual by Dr. Knaipp)*

"It is well known to all that the sun is never seen in dreams, even though one often gets an impression of a much brighter light" *Nerval*

"Can the beautiful be sad? Is beauty partially related to the ephemeral, therefore, also to sadness? Or, is the beautiful object the one which tirelessly returns after destruction and wars, testifying that there is survival in death, that immortality is possible?" *Julia Kristeva*

Let us document the factual. The dark and dense sound texture at the entrance of the three connected rooms, intended for hydrotherapy in the Institute for Physical Medicine and Rehabilitation, spreads slowly toward the next two rooms, depicting the troubled atmosphere of this ambience.

In the central room, in the four concrete tubs filled with water, lie four female nightgowns as a symbolic representation of the body, but also a poetic counterpoint of the stern alienation of the space and the objects in it. On the chest, or in the area of the heart, four drawings have been printed on the nightgowns with the four methods of healing with water reproduced from the once popular Dr. Knaipp's manual, of the be-your-own-doctor type.

Finally, above the big metal tub in the third room, freely hovering, is another nightgown. On the chest - and let us not forget, the heart within it- this time flickers a video picture which encompasses that same space and the objects in it through a slow lining up of photographic fragments. The same musical substructure blending as an asynchronous echo with the one at the entrance, closes the circle of our real movement (the movement of our body) in space and transfers us to a new circle of movement: within the exclusive field of the image.

Similar to x-rays penetrating the body, depicting it's interior in a strange and wonderful manner, the video rays in the work of Nada Prlja penetrate the nightgown, the dreaming clothes, depicting the sorrow of nothingness, of the severed link between the inner and outer world. Leading us again with her representations through the deserted cold corridors of this building, which can be seen at the same time as a general metaphor of modern society and our everyday reality, Prlja uncovers the disconsolate melancholy of absence.

Using the media to throw veils over the sharp and almost cruel reality of the space (the primarily photographic registration is first traced out by Prlja through a computer processing and a digital animation only to turn that later into a video recording) Prlja softens the forms, deepens the shadows, thickens the colors, and personalizes the light, that appears to have no origin here, as if coming from nowhere. Its source is in the imaginary, in the quiet melancholy of the intimate experience of the space.

Yet, parallel to the pursuit for poetics of the melancholy (or because of it), does the work of Nada Prlja refer to the idea of the therapeutic effect of the artistic act? An immediate evidence of that would be the metaphoric meaning of the Institute, Dr. Knaipp's manual, and finally, the occasional touch of the hand and the objects in the space, relating her video with the illustrations of Knaipp's healing methods.

The non-transparent, distanced and independent beauty of the work of Nada Prlja, however, does not allow us to pass such easy conclusions. In accordance with the activities of the artist today, she resolves the conflict, as A.B. Oliva would state it, by choosing the "... ideal position of a traitor: a position of someone who sees the world but does not accept it, of someone wishing to change the world but who does not act, choosing instead to create an iconography which would be a deposit of expressive images in support of the critical and self-reflecting intellectual conscience".

*Zoran Petrovski*












родена во сараево 1971. дипломирала на факултетот за ликовни уметности во скопје 1997

*самостојни проекти*

1995 .АНГЕЛИ И ИНСЕКТИ македонски народен театар скопје
1997 .1923 *out of photo 2* мала станица скопје
.ОДЕЊЕ ПО ЛАДНА ВОДА СПОРЕД DR KNAIPP
завод за физикална медицина и рехабилитација скопје

*групни проекти*

1996 *.икона на сребро* ЛИЧНОСТ=СОФТВЕР дупло скопје
*.artpool* будимпешта унгарија *.deaf* ротердам холандија *.IV биенале* санкт петерзбург русија *.ytu* истанбул турција *.european video work* брно република чешка
*.нова телесност* 1923 марибор словенија
*.refresh* ЛАИКА ВИСТИНСКА ПРИКАЗНА сцца - скопје
*.мак - граф* ВТОРО ПОГЛАВЈЕ огс скопје
1997 *.leaf 97* ИКОНА НА СРЕБРО ливерпул англија
*.seafair* ЛАИКА ВИСТИНСКА ПРИКАЗНА мсу скопје
*.графички експеримент* PURGATORIUM огс скопје

адреса. дебарца 58 91000 скопје македонија тел. 224774 e-mail. nada@soros.org.mk

born in sarajevo 1971. graduated from the faculty of fine arts in skopje macedona 1997

*solo projects*

1995 .ANGELS AND INSECTS macedonian national theatre skopje
1997 .1923 *out of photo 2* little station skopje
.WALKING ON COLD WATER ACCORDING TO DR KNAIPP
institute for physical medicine and rehabilitation skopje

*group projects*

1996 *.icon on silver* PERSONALITY=SOFTWARE duplo skopje
*.artpool* budapest hungary *.deaf* rotterdam holland *.IV biennial* sankt petersburg russia *.ytu* istanbul turkey *.european video work* brno czech republic
*.new bodies* 1923 maribor slovenia
*.refresh* LAIKA THE TRUE STORY scca - skopje
*.mak - graf* SECOND CHAPTER ogas skopje
1997 *.leaf 97* ICON ON SILVER liverpool england
*.seafair* LAIKA THE TRUE STORY mca skopje
.graphic art experiment PURGATORIUM ogas skopje

address. debarca 58 91000 skopje macedonia tel. 389 91 224774 e-mail. nada@soros.org.mk

CIP - Каталогизација на публикација
Народна и униврзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
7.038.55:791.43(497.17)(06.064)Прља. Н.

ОДЕЊЕ ПО ЛАДНА ВОДА СПОРЕД DR KNAIPP завод за физикална медицина и рехабилитација скопје 26. декември 1997 издавач сорос центар за современи уметности-скопје македонија уредник небојша вилиќ предговор зоран петровски превод јоцо шами музика никола димушевски фотографии румен ќамилов (4,6,7) нада прља постпродукција видеолаб про / до ре ми ликовно обликување нада прља каталошки податоци калина буневска печат lourens coster скопје тираж 500
WALKING ON COLD WATER ACCORDING TO DR KNAIPP institute for physical medicine and rehabilitation skopje macedonia 26. december 1997 publisher soros center for contemporary arts-skopje macedonia editor in chief nebojsa vilic preface zoran petrovski translation joco sami music nikola dimusevski photographs rumen camilov (4,6,7) nada prlja postproduction videolab pro / do re mi lay-out nada prlja catalogue data kalina bunevska print lourens coster skopje copies 500


SCCA